Join
Close the Ad



Локално
Точни и вистинити информации!

Македонија ◇ Слајдер

# Здруженијата на новинари на Македонија и Косово со заедничка иницијатива за соработка

29/05/2022 9:19

Претставници на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и Здружението на новинари на Косово (АГК) на 27ми мај одржаа работен состанок на кој се разговараше за состојбата на новина како и медиумите во двете земји.

солидарноста на фелата но и заштита на правата на новинарите во Македонија кога тие се под закана. Една од формите на подобрување на соработката помеѓу новинарите но и унапредување нивните знаења е преку активностите на тематските секции на ЗНМ во Скопје но и во другите градови, истакна Секуловски.

Џемаил Реџа, претседател на одборот на Здружението на новинари на Косово, говореше за состо со правата на новинарите но и предизвиците кои ги имаат медиумите во нивниот локален конте Тој истакна дека ваквите колаборативни посети во соседните земји и размена на искуства и знае позитивно влијаат на комуникацијата и идната соработка помеѓу новинарите во целиот регион.

На оваа работна средба беше разговарано за можноста да се организираат слични студиски посе на новинарите во земјите од Западен Балкан на теми кои ќе бидат од интерес на новинарите но посебно во насока на заедничко унапредување на професионалните стандарди споделување на информации за успешни примери од работата на новинарите и медиумите. Присутните дебатира предизвиците со дезинформациите во регионот, безбедноста на новинарите и за модели за финансирање на медиуми.

Оваа посета на колегите од Косово е дел од активностите на АГК во соработка со Академијата за информативен интегритет на новинарите и предвидува посета на група на млади новинари на неколку медиумски организации, но и медиуми во Скопје, соопштија од ЗНМ.

ЗНМ

